**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-4745/2

Скопје 29.10 2016г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**До:**
Друштвото за консултантски услуги АЦТ! ДОО Скопје
ул. Црвена Вода бр. 7/13
1000 Скопје

**За:**
Дарко Јаневски,
застапник/полномошник на подносителот на барањето

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, за пристап до информации од јавен карактер од 05.10.2016 година, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 06.10.2016 година, заверено со наш архивски бр.12-4745/1, Ви ги доставуваме бараните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Дали имате формирано посебна организациона единица за постапување по претставки на граѓаните?

- Во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема формирано посебна организациона единица за постапување по претставки на граѓаните, туку постапувањето по претставките и предлозите е предвидено како надлежност на Одделението за административно-правни работи, Сектор за правни и економско-финансиски работи во Агенцијата.

2. Дали вработените во посебната организациона единица за постапување по претставки на граѓаните извршуваат и други работни задачи во институцијата во согласност со актот за систематизација?

- Вработените во Одделението за административно-правни работи, Сектор за правни и економско-финансиски работи во Агенцијата, во чиј делокруг е постапувањето по претставки и предлози на граѓаните, извршуваат и други работни задачи од надлежност на Агенцијата согласно со Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Дали вработените во посебната организациона единица претходно имале работно искуство во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги?

- Вработените во Одделението за административно-правни работи, Сектор за правни и економско-финансиски работи во Агенцијата, имаат повеќегодишно работно искуство од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

4. Дали вработените во посебната организациона единица имаат континуирана обука во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги?

- Вработените во Одделението за административно-правни работи, Сектор за правни и економско-финансиски работи во Агенцијата, покрај тоа што имаат континуирано повеќе годишно работно искуство и непосредна и континуирана тековна пракса од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, посетувале и обуки, работилници и проекти во рамките на ИПА и во рамките на Советот на Европа, кои се од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

5. Дали е донесен внатрешен акт (правилник, упатство или друг акт) со кој се пропишува начинот на постапување со примените претставки од граѓаните? Доколку имате ваков акт, ве молиме да ни го доставите.

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постапува согласно Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08, 13/2013, 156/15, 193/15), Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.2/09), и Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, ("Службен весник на Република Македонија", бр.2/09).

Исто така, во Агенцијата, изработена е Процедура за квалитет за постапување по претставки и предлози ISO 9001:2008.

6. На кој начин е достапен актот (правилник, упатство или друг акт) со кој се пропишува начинот на постапување со примените претставки од граѓаните?

- Процедурата за квалитет за постапување по претставки и предлози ISO 9001:2008, како внатрешен акт на Агенцијата, не е достапна за граѓаните, со оглед на тоа што станува збор за интерен акт со кој се дефинираат обврските и одговорностите на вработените во Стручната служба.

7. Дали има пропишан образец на претставка и на кој начин е достапен истиот за граѓаните? Доколку постои образец на претставка, ве молиме да ни го доставите.

- Во банерот на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавена е брошура "Поднесување претставка што треба да знам", каде што подетално е објаснето кој може да поднесе претставка, за што и како ќе постапи Агенцијата по поднесената претставка.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има пропишан образец на претставка, кој е достапен на нејзината веб страница (www.avmu.org.mk и www.avmu.mk). Во прилог Ви доставуваме примерок од пропишаниот образец на претставка (Прилог бр.1).

8. На кој начин (форма) можат да се поднесат претставки од страна на граѓаните?

- Претставките можат да се поднесат во писмена форма, непосредно во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или по пошта, во електонска форма (преку е – mail) и усно на записник, поединечно или групно, согласно Законот за постапување по претставките и предлозите и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите.

9. Колку претставки биле поднесени за секоја од следните години: 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година?

- Во 2011 година, евидентирани се вкупно 177 претставки и предлози, во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

- Во 2012 година, евидентирани се вкупно 194 претставки и предлози, во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

- Во 2013 година, евидентирани се вкупно 219 претставки и предлози, во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

- Во 2014 година, евидентирани се вкупно 201 претставка и предлог,во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- Во 2015 година, евидентирани се вкупно 71 претставка и предлог, во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

10. Какви мерки биле преземени во однос на поднесените претставки од страна на граѓаните за секоја од следните години: 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година?

- Во текот на 2011, 2012 и 2013 година во однос на доставените претставки, кон радиодифузерите упатени се: известувања, укажувања и одлуки за изрекување мерки согласно Законот за радиодифузната дејност.

Со донесувањето на Законот за дополнување на Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.563/15) Агенцијата, го почитуваше наведеното законско решение и претставките од чија содржина произлегуваше иницијатива за вршење на надзор или барање од подносителот за поведување на постапка која е регулирана со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, не се евидентираат во Уписникот за претставки и предлози на Агенцијата (Образец УПП). Без оглед што Агенцијата не ги евидентира како претставки, постапува по нив доколку се однесуваат на работењето на некој радиодифузер, оператор или печатен медиум (на пр. за конкретна емисија, програмски канал или издание на печатен медиум), на начин што ќе спроведе мониторинг за да утврди дали се основани наводите наведени во претставката. Доколку констатира прекршувања, директорот на Агенцијата изрекува мерка, којашто се објавува на веб страницата на Агенцијата.

11. За колку од поднесените претставки се поведени/инспекциски и/илипрекршочни постапки за секоја од следните години: 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година?

- Во текот на наведениот временски период, во однос на доставените претставки, кон радиодифузерите не се поведени прекршочни постапки.

Агенцијата поранешен Совет за радиодифузија, нема овластување да врши инспекциски надзор.

Во врска со наведеното, а врз основа на добиена претставка која се однесува на реемитување на програмски сервиси од страна на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа - кабелски оператори, Агенцијата поранешен Совет за радиодифузија, заедно со другите надлежни органи во рамките на Координативното тело за интелектуална сопственост, на Владата на Република Македонија, кои имаат овластување за инспекциски надзор, изврши надзор: 1 (еднаш) во 2013 година и 2 (два) пати во 2015 година.

12. Колку дена во просек траело постапувањето по поднесените претставки од страна на граѓаните за секоја од следните години: 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година?

- Постапувањето по секоја поднесена претставка во наведениот период, во просек траеше по 10 (десет) дена, односно подносителите на претставките се известуваат во рок кој е пократок од рокот од 15 дена, кој е предвиден во Законот за постапување по претставките и предлозите.

13. Колку претставки се решени позитивно, а колку негативно за подносителот на секоја од за секоја од следните години: 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година?

- Во текот на 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година од страна на Агенцијата, постапено е по сите поднесени претставки согласно Законот за постапување по претставките и предлозите, односно доставен е одговор или известување, а дел од претставките се препратени до соодветен надлежен орган. Исто така, разгледувани се и анонимните претставки.

14. Дали се известува подносителот за крајниот исход од поднесената претставка?

- Подносителите на претставките редовно се известуваат за крајниот исход од поднесената претставка.

15. Во кој рок просечно се известува подносителот (граѓанинот) за крајниот исход од поднесената претставка?

- Подносителите на претставките се известуваат за крајниот исход од поднесената претставка, најчесто во рок од 15 дена, а за одделни (посложени) претставки во законски утврдениот рок од 30 дена.

16. Кои се најчестите утврдени повреди сторени од правните лица во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како резултат на поднесените претставки?

- најчестите утврдени повреди сторени од правните лица во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се следните:

- реемитување програмски сервиси без регулирани авторски и сродни права, не обезбедување соодветен превод и емитување програмски сервиси кои не се регистрирани во пакетот програмски сервиси), сторени од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи - кабелски оператори и

- непочитување на правилата за рекламирање/спонзорство, заштита на малолетната публика, изворно создадена програма, заштита на човековото достоинство и присуство на „говор на омраза", сторени од страна на радиодифузерите.

17. Дали се вршат анализи и се изработуваат извештаи во однос на поднесените претставки од страна на граѓаните и кои мерки се преземени за констатираните состојби во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги? Доколку постојат извештаи во кои се констатираат состојбите, ве молиме да ни ги доставите.

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 19 став 2 од Законот за постапување по претставките и предлозите, и член 6 и член 8 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, на пропишан Образец ИПП, до Министерството за информатичко општество и администрација на Република Македонија, а претходно до Министерството за правда на Република Македонија - Државен управен инспекторат, доставува извештаи на секои шест месеци за постапувањето по претставките и предлозите.

Во прилог, Ви доставуваме копии од извештаите што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поранешен Совет за радиодифузија, за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година (од Прилог бр.2 до Прилог бр.11).

Со почит,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

______________________
Цветанка Митревска

**Прилози: (11)**

**Имател на информација**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор**

______________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**